Совет на Општина Делчево
Број 09-1382/2
29.04.2026 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Деветта седница на
Советот на Општина Делчево

Деветтата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 29.04.2026 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 советници.

Оправдано отсутен беше Тони Стаменковски.

На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, образлгачите на точките (раководители и директорите), претставници на општинската администрација и претставници на медиумите.

За 9.седница, претседателот на Советот го предложи следниот

Дневен ред
-Усвојување на Записник од 8.седница

1. Предлог- Решение за именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево;
2.Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;
3.Предлог-Решение за именување на членови на заедничка комисија за подготовка на предлог на акт за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;
4. Предлог-Одлука за прифаќање на донација на спортски справи;
Образлагач: Ивана Ивановска-Раководител на Одделението за правни и општи работи.
5.Годишна сметка на ЈЛБ „Илинден“ за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
6.Измена на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година со Предлог-Одлука за давање согласност;
Образлагач: Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.
7. Извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
8.Годишна сметка сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 со Предлог-Заклучок за усвојување;
Образалагач: Марија Сумрачка-ВД директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
9. Предлог-Одлука за проширување на средства на буџетот на Општина Делчево за 2026 година;
Образлагач: Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци.

10. Предлог-Одлука за спонзорство по барање бр.21-1171/1 од 01.04.2026;
Образлагач: Николчо Стојменовски-Претседател на Советот.
11.Предлог-Програма за измена на Програмата за образование за 2026 година;
Образлагач: Ванчо Новоселски-Советник за образование.
12. Предлог-Програма за ревитализација по елиминирањето на кризата за општина Делчево за 2026 година;
Образлагач: Кире Цоневски-Соработник превенција, заштита и спасување.

13. Предлог-Програма за управување со отпад за 2026 година;
Образлагач: Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура.
14. Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Фудбалски клуб Брегалница 1926 Делчево;
15. Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Меѓуопштинско здружение на цивилните инвалиди од војната Штип;
16. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Павле Богдановски;
17. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Боксерски клуб Тигар МБМ Делчево;
Образлагач: Николчо Стојменовски-Претседател на Советот на Општина Делчево.
18. Предлог-Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;
Образлагач: Ивана Ивановска--Раководител на Одделението за правни и општи работи.
19. Предлог- Одлука за збратимување помеѓу Општина Делчево, Република Северна Македонија и општините Новело, Монфорте д' Алба и *Родино*, Република Италија;
20. Предлог-Одлука за збратимување помеѓу Општина Делчево, Република Северна Македонија и Општина Рача, Република Србија;
Образлагач: Иван Гоцевски-Градоначалник на Општина Делчево.
21. Годишна програма за работа на ТППЕ Делчево за 2026 година;
22. Оперативен план за делување на ТППЕ Делчево во периодот од 01.01.2026 до 31.12.2026 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
Образлагач: Сашко Поповски командир на ТППЕ Делчево.
23. Предлог-Одлука за парична помош на Ванчо Георгиевски;
Образчагач: Николчо Стојменовски, претседател на Советот на Општина Делчево.
24. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 9.седница.

Беше отворена расправа по Записникот од 9.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по Записникот беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 8.седница.

Прва точка-Предлог- Решение за именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево;

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска, раководител на Одделението за општи и правни работи која истакна дека на минатa седница бил донесен Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на наградите и признанијата кои ги доделува Општина Делчево. Според истиот Постапката за предлагање и утврдување на предлози ја спроведува Комисијата за доделување награди и признанија на Општина Делчево која ја именува Советот на Општината за време од четири години. Комисијата се состои од седум членови, од кои двајца членови на Советот, тројца членови се именуваат од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници од подрачјето на Општина Делчево и двајца членови државни службеници, вработени во Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Билјана Тодоровска , претседател

на Комисијата за јавни дејности која истакна дека на 28.04.2026 година имало седница на оваа комисија и биле предложени следните членови:

-Николчо Стојменовски- Претседател (преставник од Советот на Општина Делчево);

-Бобан Никовски- член (преставник од Советот на Општина Делчево);

-Сашко Ивановски– член (преставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);

-Марина Синадиновски – член (преставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);

-Виолета Гиздовска –член (преставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);

-Македонска Поповска– член (преставник од вработените во Општина Делчево);

-Наташа Димитровска –член (преставник од вработените во Општина Делчево).

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, 1 „ВОЗДРЖАН“, против нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево;

Втора точка-Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која истакна дека со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу Општина Делчево и Општина Берово за вршење на работите во областа на инспекцискиот надзор, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, Овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност за потребите на Општина Делчево. Меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку обликот на меѓуопштинска соработка утврден во член 9 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка, односно со склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Берово за потребите на Општина Делчево.

Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово ќе се склучи согласно одредбите од член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која праша како е уреден начинот на плаќање за услугите, да ли се склучуваат договори и дали досега имало склучено такви договори?

Ивана Ивановска рече дека финансиските импликации кои ќе произлезат од реализирањето на меѓуопштинската соработка помеѓу двете општини ќе се утврдат во Договорот за вршење на работите, а средствата ќе се обезбедат од Општина Делчево. И досега имало склучено вакви договори, а средствата зависат од тоа колку ќе биде ангажиран инспекторот и која сума ќе ја договорат двете општини.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Трета точка-Предлог-Решение за именување на членови на заедничка комисија за подготовка на предлог на акт за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;

Точката ја образложи Ивана Ивановска која рече дека со ова Решение се именуваат членови на заедничка комисија за подготовка на предлог на акт за воспоставување меѓуопштинска соработка

помеѓу Општина Делчево и Општина Берово. Според тоа за членови на заедничката комисија за подготовка на предлог на акт за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово, од Општина Делчево се именуваат лицата:

- Ивана Ивановска и
- Сузана Петровска

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови на заедничка комисија за подготовка на предлог на акт за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово.

Четврта точка-Предлог-Одлука за прифаќање на донација на спортски справи;

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделението за правни и општи работи која истакна дека со оваа одлука Општина Делчево ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги од давателот на донацијата Здружение ФУДБАЛСКИ КЛУБ БРЕГАЛНИЦА 1926 – Делчево.Донацијата која се дава на Општина Делчево се состои во 4 (четири) мултифункционални спортски справи (за вежбање грб, гради, стомачни и нозе).

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Делчево, како прима тел на донацијата и давателот на донацијата.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, тој праша на која локација ќе бидат поставени овие справи?

Ивана Ивановска рече дека справите ќе бидат поставени во гинко- паркот во Ново Делчево.

Претседателот ја стави оваа точка на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Петта точка-Годишна сметка на ЈЛБ „Илинден“ за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше директорката на ЈЛБ „Илинден“ која истакна дека библиотеката работи односно има две сметки и тоа Сопствени приходи и Наменска дотација.

Сопствени приходи е сметка на која се средствата од членарините од читателите во библиотеката.Во 2025 год.на оваа сметка има приход од 143.400,00 ден.

Расходите се во висина од 133.265,00 ден., добивката за 2025 год е 10.135,00 ден. Расходите на оваа сметка се по следните основи.

- Патни и дневни расходи во висина од 21.969,00 ден .(овие трошоци се за присуство на директорот на одредени настани- конференции,обуки,презентации,работилници).

-комунални услуги 47.604,00 ден-платена една сметка за струја со износ 45.223,00 ден. Затоа што недостасуваа средства на сметката наменска дотација а добивме опомена пред исклучување и една сметка за телефон 2.381,00 ден.

-Договорни услуги во висина од 10.820 ден-оваа се трошоци за банкарска провизија во висина од 1.820,00 ден. И достанатите се дел од паушалите на членовите од Управниот одбор и еден дел за одржување на веб страната на библиотеката

- Други тековни расходи во висина од 35.881,00 ден-од кои е плаќано за годишна сметка за 2024 год ,камати по основ на придонеси за задоцнета исплата на плата,за обуки на вработените и за подароци за настаните во библиотеката .

- Капитални расходи 16.991,00 односно за купување на книги се потрошени 13.991,00 ден. и 3.000 денари со кои е платена една фактура за електричната инсатлација во библиотеката (непредвидено настанал проблем со електричната инсталација во библиотеката и морало да се направи целосна замена на инсталацијата)

Наменска дотација е сметка која работи со буџет одобрен од Министерството за култура и туризам–во 2025 год имаше буџетот во висина од 8.520.609,00 ден.кои беа распоредени на следниот начин.

По основ на плати за вработени се потрошени 7.882.192,00 ден. и 123.708,00 за регрес за годишен одмор(што значи дека за покривање на останатите трошоци за тековно работење ни остануаа 514.709,00 ден. Кои се распоредени на следниот начин:

По основ на стоки и услуги вкупно 480.587,00 ден.(од кои за патни трошоци 1.400,00 ден Комунални услуги- струја,вода ,тел. 241.467,00ден-од овие трошоци најмногу отпаѓаат на ел.енергија 192.533,00ден.,за вода18.596 ,00 ден,за тел. и интернет 27.495,00ден. за пошта 2.843,00 ден..

Материјали и ситен инвентар 97.987,00 ден-канц.материјали 37.999,00 ден,за списанија и весници 32.890,оо ден.(дневните весници и претплата за добивање на стручни списанија)за с-ва за хигиена 26.428,ден.,и други материјали 670,00

Поправки и тековно одржување 35.179,00 ден-од кои за софтверско одржување 20.992,00 ден(одржување на програмата за сметководство и благајна,за софтвер за фискалната,за хостингот за ВЕБ страната,за електронските потписи-усб) и поправки и одржување на друга опрема 14.187,00 ден.(ПП апарати сервисирање, два пати годишно),

Договорни услуги-63.668,00ден- за др.договорни услуги -исплата на членови на управен одбор,плаќање на лице за одржување на веб страната,и за снимање на настаните и новостите во библиотеката односно за медиумско покривање).

Други тековни расходи 40.886,00 ден -од кои,за членарини во здруженија 6.000,00 ден.и на други оперативни расходи 34.886,00 ден.плаќање на Централен регистар за годишна сметка за 2024 год. За сметките наменска дотација и за сметката за проект. купување на цвеќиња за подароци,ситни потреби за библиотеката,купување на подроци за сите настани кои библиотеката ги направи во текот на годината.

Капитални расходи потрошени 34.122,00 ден.кои се состојат од купување на опрема - 5.600 ден –платена дел од фактура за електрична инсталација.

Вложувања во нефинансиски средства –тука е набавката на книги во библиотеката и се набавени книги во висина 28.522,00,00 ден.

На крајот од своето образложение таа рече дека библиотеката во текот на 2025 г има потрошено вкупно 8.520.609,00 ден од кои 8.117.248 ден се потрошени за плати и К15.на вработените., набавени се книги во вредност од 28.522,00 ден., 5.600 за електрична инсталација и остатокот од фин.средства во висина од 369.239,00 ден се потрошени за сите операт. и мат. трошоци кои се неопходни за тековна работа или библиотеката трошела 30.770,00 ден. месечно за основните трошоци-струја, вода,тел, одржување, хигиена, канцелариски материјали итн.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година.

Шеста точка-Измена на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година со Предлог-Одлука за давање согласност;

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која истакна дека со оваа Измена на Годишниот план за вработување се планира зголемување на вработените во институцијата во 2026 година или 2 нови вработувања и тоа:

-Виш соработник за човечки ресурси (правник) и библиотекар помошник.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката

за давање согласност на Изменатa на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година.

Седма точка-Извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Овој Извештај беше презентиран од страна на претставник на ЈКП „Брегалница“ која се заблагодари на можноста да го образложи овој Извештај и се извини од името на директорската која е отсутна поради службени обврски. Таа рече дека ЈКП Брегалница ја обавува својата дејност континуирано и без прекин и согласно законските прописи, а неговата работа е јавна и транспарентна и претставува незаменлив услов за животот и работата на граѓаните.

Таа истакна дека во продолжение ќе даде посебен осврт за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ и состојбата на ЈКП заклучно со 31.12.2026 година. Работењето на ЈКП во извештајниот период било насочено главно кон подобрување на квалитетот на услугите на граѓаните и квалитетно извршување на оснвната дејност на ЈКП. Основна дејност на ЈКП е собирање, обработка и снабдување со вода. Покрај основната дејност, јавното претпријатие во рамките на својот делокруг на работење ги врши и следните дејности:- отстранување на отпадни води,- собирање, обработка и депонирање на безопасен отпад,- изградба на хидроградежни објекти и поставување на инсталации за водовод и канализација- одржување и користење на јавните пазари на големо и мало,- одржување на спортски и рекреативни објекти,- одржување на јавната чистота во Општина Делчево,- изградба и одржување на јавно осветлување на подрачјето на општината и други електро инсталатерски работи, - изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта од значење за општината, утврдени со урбанистичкиот план,- работи на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта,- одржување на сообраќајната сигнализација на улици и општински патишта,- одржување и уредување на паркови, речни корита и јавни зелени површини,- крпење на ударни дупки, прекопи на улици и јавни површини и друго,- изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на друго место (пристапни патеки, тротоари и сл.).

Во продолжение од страна на образлагачот беа образложени активностите на Секторите за секој посебно. Посебен акцент беше ставен на на финансискиот извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“ при што истакна дека ЈКП „Брегалница“-Делчево во своето работење во 2025 година остварило негативен финански резултат односно нето загуба од-1.114.964 денари. Вкупните приходи од работењето во 2025 изнесуваат 59.465.666, а вкупните расходи се 60.580.630. Процентот на наплата за вода кај домаќинстава изнесува 82% од вкупно фактурирани 41.831.127 наплатени се 34.261.010, кај правните лица изнесува 84% или од фактурирани 9.493.623 наплатени се 7.933.886. Кај Градскиот пазар % на наплата е 97% или од фактурирани 1.490.315 наплатени се 1.440.740 денари.

Таа истакна дека веднаш по стапувањето на новото раководство во ЈКП „Брегалница“ веднаш се пристапило кон воведување на нов построг принцип на работа, се работи само врз основа на работен налог со воспоставена строга контрола и евиденција на сите активности и задачи. Затекнатата состојба во претпријатието, односно остварениот негативен финансики резултат или загуба е резултат на несовесното работење на претходното раководство.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која ја праша образлагачот дали во ЈКП има услуги кои не се наплатуваат?

Претставникот на ЈКП „Брегалница“ рече дека моментално сите услуги кои ги врши ЈКП се наплатуваат, не постојат услуги кои не се наплатуваат.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 11 гласа„ЗА“ и 3 „ВОДРЖАНИ“, против нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување.

Осма точка-Годишна сметка сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач по точката беше претставник на ЈКП „Брегалница“-Делчево која рече дека Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево е изготвена во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во РСМ согласно законот за трговски друштва за мали и средни ентитети. Годишната сметка е поединечна, а валутата е македонски денар. Значајни користени сметководствени политики се материјални средства, парични средства и парични еквиваленти и побарувања од купувачите и обврски кон добавувачите, и приходите. Матријалните средства се презентирани според нивната набавна вредност намалена за амортизацијата која се пресметува со примена на пропорционалниот метод за периодите на користен век на средствата со примена на следните стапки 2,5% за згради, 25% за моторни возила и комјутери и 10-25% за мебел и опрема. Паричните средства се состојат од готовински парични средства и денарска благајна, а побарувањата од купувачите се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања. Обврските спрема добавувачите се искажани според нивната номинална вредност. Приходите од продажба на добра се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува. Вкупните приходи од работењето во 2025 изнесуваат 59.465.666, а вкупните расходи се 60.580.630.Приходите се прикажани по фактурна вредност, намалена за попусти и данокот на додадена вредност. ЈКП „Брегалница“-Делчево во своето работење за 2025 година остварило негативен финансиски резултат односно нето загуба од-1.114.964 денари. За надминување на ваквата лоша состојба потребно е континуирано презимање на сериозни мерки, и голема посветеност и ангажираност на сите вработени.

Претседателот отвори расправа по точката.

Катерина Величковска праша. Колку изнесувал вкупниот наследен долг по основ на даноци во 2017 година заклучно со 31.12.2017 година и колкав е износот на истиот долг заклучно со денешен датум. Таа рече дека ова прашање го има поставувано двапати досега, но нема добиено одговор и очекува дека овојпат ќе добие одговор.

Од страна на претставникот на ЈКП „Брегалница“ беше одговорено дека советничката ќе добие одговор на прашањето.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишна сметка сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025.

Деветта точка- Предлог-Одлука за проширување на средства на буџетот на Општина Делчево за 2026 година;

Образлагач по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци која истакна дека согласно член 34, став 4 од Законот за буџетите, буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на дотации, заеми или самофинансирачки активности, во случај кога приходите и другите приливи се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети. Во Предлог-Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на општина Делчево за 2026 година е предвидено проширување на планот во буџетот на дотации. Кај овој буџет, во билансот на приходи имаме проширување за 4.087.496 денари, односно за пренесен вишок на приходи од претходната година (конто 741114). Проширувањето се однесува на програма К1 (ЈЛБ Илинден) во износ од 19.837 денари, кај програма Н1 (овде влегуваат двете

основни училишта) во износ од 914.773 денари, програма Н2 (СОУ М.М.Брицо) во износ од 2.998.620 денари и кај програма В1-(детската градинка Весели Цветови) во износ од 914.773 денари.
Во предлог-одлуката може да ја видите распределбата на средствата по расходни конта кај сите програми поединечно.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Десетта точка-Предлог-Одлука за спонзорство по барање бр.21-1171/1 од 01.04.2026;

Образлагач по точката беше Николчо Стојменовски-Претседател на Советот кој истакна дека оваа Одлука се одобрува барањето на Ловно друштво „Хантер Про 2020“ Делчево. Средствата - 43.000 денари ќе бидат наменети за обезбедување на главната награда за Традиционалната ловечка вечер, пушка ловен полуавтомат.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 воздржани, а против нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Единаесетта точка-Предлог-Програма за измена на Програмата за образование за 2026 година;

Образлагач по точката беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој истакна дека во Програмата за образование се врши измена и тоа:

Во поглавје III. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА, на страна 9 наместо да стои „ Друга стимулативна мерка е на 15 најдобри матуранти ќе им биде доделен ваучер од по 20.000 денари што Општина Делчево ги издвојува годишно во Буџетот за 2026 година во износ 300.000 денари“
треба да стои:

„ Друга стимулативна мерка е на 10-те најдобри матуранти ќе им биде доделена парична награда и тоа износ од 30.000 денари за првенецот на генертацијата, а за останатите 9 (девет)ученици парична награда во износ од по 20.000 денари, за која мерка Општина Делчево ќе издвои од Буџетот за 2026 година во износ 210.000 денари“.

Во поглавје IV.АКТИВНОСТИ, 2. Поддршка на талентирани ученици и ученички: точка а) наместо да стои „Награди за првенци/ки на генерацијата; Овие награди се доделуваат врз основа на оваа Програма, на начин што Општина Делчево поднесува писмено барање во текот на месецот април од тековната година до СОУ и во месецот мај од тековната година до ООУ за доставување податоци за првенец на генерацијата во училиштата. Постапката, училиштата ја спроведуваат врз основа на интерен правилник, а информацијата ја доставуваат до Општина Делчево најдоцна до 15 мај тековната година за СОУ и до 10 јуни тековната година за општинските основни училишта. Врз основа на добиените податоци од училиштата, градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделуваа три награди за првенец на генерацијата во трите образовни институции. Наградата ќе се исплаќаат еднократно во висина од по 20.000,оо денари за првенците на генерацијата од двете основни училишта и 30.000,оо денари за првенецот на генерацијата од СОУ за учебната 2025/2026 година“.
треба да стои:
а) Награди за првенци/ки на генерацијата во основните училишта; Овие награди се доделуваат врз основа на оваа Програма, на начин што Општина Делчево поднесува писмено барање во текот на месецот мај од тековната година до ООУ за доставување податоци за првенец на генерацијата во училиштата. Постапката, училиштата ја спроведуваат врз основа на интерен правилник, а информацијата општинските основни училишта ја доставуваат до Општина Делчево најдоцна до 10 јуни тековната година. Врз основа на добиените податоци од училиштата, градоначалникот на

Општина Делчево донесува решение за доделување награди за првенец на генерацијата во основните училишта. Наградата ќе се исплаќа еднократно во висина од по 20.000,оо денари за учебната 2025/2026 година.

Во поглавје IV.АКТИВНОСТИ 2. Поддршка на талентирани ученици и ученички: точка д) наместо да стои „По претходно спроведена постапка, критериуми, утврдени во Правилникот за истакнување, пофалување и наградување ученици/чки од страна на Комисијата формирана за таа цел во СОУ „М.М.Брицо“, се избираат 15 најдобри матуранти кои од Општина Делчево добиваат ваучер од 20.000 денари по нивни избор. За оваа намена за што во Буџетот за 2026 година на Општината се планирани 300.000 ден.“.

треба да стои:

„Постапката за доделување на паричната наградата за 10-те најдобри матуранти се спроведува согласно Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.4/26), врз основа на распишан јавен конкурс објавен од страна на градоначалникот на Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Делчево.“.

Во поглавје V. Табеларен приказ на активностите и индикатори

- во точка 3 графа 1 наместо „првенци на генерацијата“ ќе стои „ првенци на генерацијата во основните училишта“ и во графа „износот 70.000 денари“ се заменува со „ 40.000 денари“.
- во точка 6 наместо „15“ се заменува со „10“ и во графа 5 износот „300.000 денари“ се заменува со „210.000 денари“.

Во поглавје VIII. Финансиски извори и ресурси за спроведување на Програмата за 2025/2026 година, во точка 5 графа 1 се наместо „Ваучер од по 20.000 денари за 15 најдобри матуранти“ треба да стои „Парична награда за 10 најдобри матуранти“ и во графа 2 износот „300.000“ денари се заменува со износ „210.000 денари“.

Во точка 14 графа 2 износот„ 8.422.200 ден.“ се заменува со износот „8.332.200 “ден.

Овие измени се предлагаат заради усогласување со изменетиот Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече дека денешната Програма за измена на Програма за образование не е унапредување и чекор напред туку чекор назад.

„Денес не зборуваме само за бројки туку за порака што ја испраќаме до нашите деца, до најдобрите и највредните, до оние што треба да бидат најдобри во Делчево. Наместо да ја прошириме поддршката за најдобрите, ние ја намалуваме. Од 15 матуранти за награда, сега остануваат само 10. Тоа значи дека 5 ученици кои со својот труд и знаење ќе останат без поддршка. Прашањето е-по кој критериум одлучивте дека тие 5 ученици не се важни. И не е само тоа туку дополнително се намалуваат и средствата од 300.000 на 200.000 денари. Ова не е реформа туку кратење и тоа онаму каде што најмалку треба, кај младите и во образованието. Ова не е грижа за младите ова е лоша политика, особено загрижува укинувањето на ваучерите и нивната замена со парична награда. Ваучерите имаат јасна цел-инвестиција во образованието. Сега даваме пари без насока, без цел. Со оваа промена се губи суштината на оваа мерка и како врв на сè се воведуваат процедури кои оставаат простор за влијание и селективност. Образованието не смее да зависи од ничија одлука. Намалувањето на буџетот за оваа Програма испраќа многу лоша порака, а тоа е дека образо ванието не ни е приоритет. Во време кога сè повеќе млади ја напуштаат државата, наша обврска е да ги мотивираме и да им покажеме дека нивниот труд вреди, а со оваа измена ние го правиме спротивното. Наместо да ги мотивираме ние ги обесхрабруваме. Оваа програма е чекот назад. Затоа ова не е инвестиција во иднината, ова не е поддршка на образованието. Ова не е порака-останете тука, туку –снајдете се сами. Јас со оваа порака не се согласувам и затоа нема да ја поддржам оваа измена на Програмата.“

Ванчо Новоселски, Советник за образование и образлагач на точката рече дека оваа измена на Програмата се предлага пред се заради усогласување со измената на Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево којшто е донесен и усвоен од страна на Советот на претходната седница. Не може во Правилникот да се предвидуваат едни награди, а во Програмата други. Не е во ред да кажувате дека образованието во Делчево оди назад, а не напред, немојте да заборавите дека Општина Делчево доделува 18 стипендии за ученици во 2 категории од општинското средно училиште, дека имаме награди за првенци на генерацијата, односно има доволно мерки за стимул на учениците. Не може да се каже дека во Делчево ние ги бркаме децата и ги тераме да се запишуваат во други училишта. Општината дава доволно стимул и за учениците од основното и за учениците од средното училиште. Вие сте млад човек, но не е во ред да кажувате навредливи зборови, рече В.Новоселски, мислејќи на советникот Игор Гошевски.

За реплика на Игор Гошевски се јави Адријана Илиевска Велковски која му се заблагодари на Игор Гошевски за неговото излагање кое го наречe емотивно и собирање политички поени.

„Како прво во оваа точка има буџетска рационализација и дисциплина, измената носи директна заштеда ама не на штета на учениците, туку тоа е оптимизација на ефектот на вложените средства. Во услови на ограничени буџетски средства Општината има обврска за ефикасно и рационално користење на буџетските средства таму каде што имаат најголем ефект, а не рамномерно. Според европските стандарди и мерит системот средствата се насочуваат таму каде има извонредност и квалитет, а не квантитет. Со намалувањето на бројката од 15 на 10 се наградува извонредноста, а не просечноста. Не може да се стават во ист кош најдобриот, првиот и петнаесеттиот. Ние мора да ги подготвиме учениците за тоа како фукционира светот. Не може во 21 век да се користат застарени програми, техники и методи. Мора кај учениците да се препознае квалитетот и тој да се награди. Со тоа и стимулацијата и мотивацијата на учениците ќе биде најголема. Не може само да се даваат средства и таму каде што треба и каде што не треба. Учениците коишто најмногу учат најдобро ја знаат разликата, најдобро знаат кој е најдобар, а кој не. Со јасни, прецизни и подобри критериуми се зајакнува транспарентноста и објективноста на процесот и се наградува исклучиво врз основа на постигнатиот успех.

Игор Гошевски имаше реплика на Адријана Илиевска Велковски и рече дека се согласува со тоа да се наградува квалитетот и најдобрите и дека треба да има разлика и има. Првиот на пример зема 30.000 последниот 20.000, но сепак треба се зголемуваат средствата, а не да се кратат. Подобро е да се предвидат повеќе средства и истите не мора да се доделат ако некој не ги исполнува уловите или критериумите. Исто така, потребни се подобри критериуми, нека се предвидат средства за 15 ученици, нека се доделат само толку колку што ги исполнуваат условите и критериумите. Тој исто така рече дека не е добро и е на некој начин сомнително тоа што со оваа измена на Програмата за образование се менува и досегашната пракса за најдобрите 10 матуранти да не одлучува Комисија од СОУ, туку постапката за доделување на паричната наградата за 10-те најдобри матуранти се спроведува врз основа на распишан јавен конкурс објавен од страна на градоначалникот на Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Делчево.

Адријана Илиевска Велковски го праша Игор Гошевски што значи тоа „сомнително“, што е сомнително, на кој начин е сомнително што докажани луѓе од општината со претставници од училиштето ќе одлучуваат по строго утврдени критериуми кој ќе биде најдобар ученик? На што алудирате, објаснете што е сомнително, праша таа.

Игор Гошевски рече дека неговата забелешка е во тоа што сега со оваа измена се менува досегашната пракса, т.е. постапка за доделување на наградата за 10-те најдобри матуранти, сега ќе одлучува комисија од општината, а не од училиштето.

Билјана Тодоровска рече дека образлагачот на точката во своето образложение истакнал дека

измената на Програмата за образование се прави заради усогласување со Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево.

Игор Гошевски рече дека советникот за образование требало да биде присутен на претходната седница кога се разгледувал Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево бидејќи се однесува на образованието. Тогаш советниците расправале за наградите, за разликата меѓу освоена прва, втора, трета награда и прво, второ, трето место, имало навистина плодни дискусии од страна на советниците и се предлагало да се доделува награда (прва, втора и трета). На седницата се разговарало и затоа дека по некои наставни предмети кога се организираат ученички натпревари нема освоено прво, второ и трето место туку прва, втора, трета награда. Постои дилема дали на некој ученик кој освоил прва награда по некој предмет истата ќе му се вреднува како освоено прво место.

Ванчо Новоселски истакна дека во критериумите јасно ќе стои прво место или прва награда. Инаку, Општината е во постојана комуникација со МОН и со други општини и нема потреба никој од вас советниците да се сомнева за било што, никој од општинската администрација нема да се осуди да направи нешто што не е во ред. Кога доаѓа ревизија во Општината од сите нас бараат документи за сè, што, како, зошто, кој итн.

Горан Димитровски дискутираше во врска со Правилниците кои ги спомнуваат советниците и истакна дека тоа се само Правилници, насоки, во нив може да се додава, брише.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за измена на Програма за образование.

Дванаесетта точка-Предлог-Програма за ревитализација по елиминирањето на кризата за општина Делчево за 2026 година;

Образлагач по точката беше Кире Цоневски-Соработник превенција, заштита и Законот за локална самоуправа, Законот за пожарникарство и Законот за заштита и спасување. Во минатото Општина Делчево ја имаат зафатено повеќе елементарни непогоди и кризни состојби од кои најчести биле поплавите, град со силен ветар, ниски температури, бројни шумски пожари и пожари на отворено и епидемии. Сите овие појави во даден временски период значително влијаееле и влијаат на севкупниот живот и здравје, како на населението, така и на останатиот животински и растителен свет. Од тие причини, а согласно законската регулатива на национално ниво, се јави потребата од донесување на акт (Програма), со кој ќе се регулираат и прецизираат мерките и активностите кои ќе ги превземе Општина Делчево за ревитализирање на состојбата по елиминирање на евентуалната кризна состојба на подрачјето. За санирање и ревителизација на последиците настанати од кризна состојба и нормализација на севкупниот живот на населението, општина Делчево ќе ги превземе сите со Закон пропишани мерки и активности во кои ќе бидат вклучени сите субјекти кои егзистираат на нашето подрачје.

За таа цел се обезбедува непрестана комуникација и координација помеѓу институциите и останатите правни и физички лица, а со цел согледување на последиците од кризата и нивно санирање.Согласно Програмата се изготвуваат Оперативни планови во зависност од видот на кризната состојба која го зафатила подрачјето и се наведуваат мерките и активностите кои ќе бидат превземени:

-Активирање на ТППЕ Делчево, Просторните сили при општина Делчево, трговски друштва, претпријатија(ЈКП,,Брегалница,,) за расчистувње и рехабилитација на магистралните и локални патишта во општината,

-Расчистување на евентуални рушевини на згради, куќи и други објекти и во зависност од околностите нивно ревитализирање,

-Вршење на првична дезинфекција и дератизација за спречувње на појава на заразни и други заболувања на населението и животните,

-Ревитализирање на објектите на институциите со цел нивно повторно нормално фунционирање,
-Санација на штетите и ревитализација на клучните производствени капацитети во корист на граѓаните(пекари, млекари, месари,маркети,болници, аптеки и сл.)
-Санирање и ревитализација на училиштата и детските градинки со цел воспоставување и нормализација на воспитно-образовниот процес,
-До процесот на целосна ревитализација на состојбите важно е ажурно и непречено да фунционираат јавните превозници(такси компании и друг превоз со исправни и безбедни возила). На крајот тој истакна дека за спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на општина Делчево како и Соработникот за превенција заштита и спасување. Свои мислења, препораки и забелешки во врска со ефикасното спроведување на Програмата активно даваат и РЦУК и ДЗС, а авоедно учествуваат во меѓусебната координација на сите напред споменати субјекти...

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не с ејави за зБор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа„ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Програма.

Тринаесетта точка- Предлог-Програма за управување со отпад за 2026 година;

Образлагач по оваа точка беше Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура која истакна дека оваа Програма се донесува врз основа на член 28 став 4 став 7 и став 8 од Законот за управување со отпад и истата во себе содржи Воведен дел во кој е наведено дека Законот пропишува дека овие програми треба да бидат во согласност со Планот за управување со отпадот, како и со Националната Програма за управување со отпадот која ги донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Националната Стратегија за управување со отпадот што ја донесува Владата на Републиката.Програмата е изработена согласно барањата на Законот за управување со отпадот, во согласност со Стратегијата за управување со отпад (2008-2020), Националниот план за управување со отпад (2020-2030) и Планот за управување со отпад на Општина Делчево (2019-2023). Потоа следуваат стратегиските цели. Според оваа Програма Стратегиска цел бр.1 е Подобрување на управување со општинската депонија . Таа истакна дека постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува елементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така не ги задоволува основните стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2026година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад. Општината е потребно да се вклучи и ги спроведува активностите согласно документот усвоен од МЖСПП за регионално управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион.

Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел беше изработката на физибилити студија за регионално управување со отпад за Источниот и Североисточниот плански регион.

Во согласност со Националниот план за управување со отпад и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање , а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.

Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти

финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Републиката.

Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион, се спроведуваат два проекти:

1. Подготовка на техничка спецификација за набавка на опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион и
2. Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:

Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и

Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале и количините на отпад од општините чии што депонии би биле веднаш затворени.

Втора фаза: Комплетно затворање на постоечките депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад.

Во врска со активноста за управување со отпад општината ќе спроведе активност и за проширување на постоечката депонија со урбанизација со која ќе се зголеми капацитетот на депонијата „Острец“ за комунален отпад и градежен шут.

Стратегиска цел бр.2 е Процена на видот и количеството отпад што се создава на територијата на Општина Делчево.Проценката на сегашната состојба опфаќа голем број видови отпад како комунален отпад, комерцијален отпад, индустриски неопасен отпад, инертен отпад (градежен шут), опасен отпад создаден од различни субјекти, како и одреден број специфични видови отпад како: преносливи батерии, медицински отпад, земјоделски отпад, отпадни гуми, отпадни масла, отпадна електронска и електрична опрема. Сепак, подетално се анализирани состојбите со видовите отпад кои се во директна надлежност на локалната самоуправа: комунален, комерцијален, друг вид (како на пр. Индустриски) неопасен отпад и инертен отпад-градежен шут. Анализирано е создавањето на овие отпади како и сите операции кои се застапени во постапувањето со нив: собирање, транспортирање, третман, преработката, со акцент на рециклирањето како и компостирањето и отстранување со депонирање.**Стратегиска цел бр.3 се Извори на финансирање на мерките и активностите (инструментите)**Таа истакна дека финансирањето на различните мерки и активности (инструменти) предвидени со Програмата се реализира преку повеќе извори и тоа:Буџет на Општина Делчево ; Буџет на РСММеѓународни финансиски институции (Светска банка, и сл.) и НВО (Невладини организации),

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржание-нам, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Програма.

Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Фудбалски клуб Брегалница 1926 Делчево;

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека оваа година Фудбалскиот клуб Брегалница 1926 Делчево прославува значаен јубилеј- 100 години од постоењето и предвидуваат повеќе активности за одбележување на јубилејот. За таа цел бараат од Советот финансиска поддршка од 30.000 денари.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа

одлука.

Петнаесетта точка- Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Меѓуопштинско здружение на цивилните инвалиди од војната Штип;

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека оваа одлука се однесува на финансиска поддршка на Меѓуопштинското здружение на цивилните инвалиди од војната Штип кои пред извесно време организирале литературен конкурс во ООУ „Ванчо Прке“ и биле доделувани награди на учениците. На ниво на Источен плански регион било договорени сите Општини од регионот финансиски да го подржат ова здружение со што ќе им помогнат за реализација на предвидените активности согласно нивната Годишна програма. Од страна на Општина Делчево е предложена сума од 5.000 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Павле Богдановски;

Во врска со оваа точка, претседателот на Советот истакна дек Павле Богдановски е наш сограѓанин кој се занимава со боди билдинг и учествува на разни натпревари со што ја претставува нашата општина и држава. Тој предложи сума во износ од 5.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Боксерски клуб Тигар МБМ Делчево;

Образлагач и по оваа точка беше Николчо Стојменовски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој истакна дека оваа одлука се однесува на одобрување на финансиска поддршка на Боксерски клуб Тигар МБМ Делчево. Беше предложена сума од 15.000 денари.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;

Образлагач по оваа точка беше Ивана Ивановска--Раководител на Одделението за правни и општи работи која истакна дека со оваа одлука се прифаќа Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка на Градоначалникот на Македонска Каменица, усвоен со Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр.08-947/1 од 08.04.2026 година, донесена од Советот на Општина Македонска Каменица за извршување на работи и работни задачи во надлежност на Одделението за инспекциски надзор – Овластен инспектор за заштита на животната средина од Општина Делчево за Општина Македонска Каменица. Меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку обликот на меѓуопштинска соработка утврден во член 9 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка, односно со склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Делчево за потребите на Општина Македонска Каменица.

Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово ќе се склучи согласно одредбите од член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Деветнаесетта точка-Предлог- Одлука за збратимување помеѓу Општина Делчево, Република Северна Македонија и општините Новело, Монфорте д' Алба и *Родино*, Република Италија;

Оваа точка беше образложена од страна на градоначалникот на Општина Делчево кој истакна дека во изминатиов период делегација на Општина Делчево биле во посета на општините Новело, Монфорте д' Алба и *Родино*, Провинција Кунео, Република Италија. Оваа одлука е резултат на потпишаниот меморандум за соработа на иницијатива на градоначалниците на овие општини. Градоначалникот истакна дека очекува дека ќе се воспостави соработка на наши и нивни институции во повеќе области и дека најавиле донација на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев.

Претседателот отвори расптрава по оваа точка.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која рече дека во составот на општинска делегација бил и претседателот на Советот и праша кои се очекувањата на претседателот од оваа соработка.

Претседателот на Советот истакна дека според него оваа посета била многу успешна, од разговорите со претставниците на овие 3 општини тој заклучил дека сите се многу задоволни од македонската заедница која е на привремена работа во тој регион и очекува дека соработката помеѓу тие 3 општини и Општина Делчево ќе се продлабочи и ќе биде во повоќе области и ги информираше советниците дека на прославата на Јубилелот од Разловечкото востание ќе дојдат и тие, како и европратеник од областа Пиемонте.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Дваесетта точка-Предлог-Одлука за збратимување помеѓу Општина Делчево, Република Северна Македонија и Општина Рача, Република Србија;

Образлагач и по оваа точка беше Иван Гоцевски-Градоначалник на Општина Делчево кој рече дека оваа Одлука за збратимување е Иницијатива на нашата Општина од причини што соработката помеѓу овие две општини е долги години наназад ни дека веќе има некој вид на соработка (помеѓу ловни друштва, центри за култура, основните училишта) и затоа е добро да се официјализира соработката помеѓу двете општини) односно да се подигне соработака на повисоко ниво.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Дваесет и прва точка-Годишна програма за работа на ТППЕ Делчево за 2026 година;

Оваа точка ја образложи командирот на ТППЕ, Сашко Поповски кој истакна дека Територијалната противпожарна единица во Делчево функционира согласно со Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и претставува клучен сегмент во системот за заштита и спасување на подрачјето на Општината.Во Законот се

уредува формирањето, организирањето и дејствувањето на противпожарните единици, доброволните противпожарни здруженија, гаснењето на пожарите, какои условите за производство, ставање во употреба и одржување на уредите, опремата и средствата за гаснење пожари.Пожарникарството е работа од стручен и хуманитарен карактер и од јавен интерес. Пожарникарството е дел од единствениот систем за заштита и спасување во Републиката. Со цел поттикнување на превентивните мерки за заштита од пожари, како редовна, традиционална манифестација се воведува „Месец за заштита од пожари“, која се одржува секоја година, во текот на месец мај. Заради негување на традициите на пожарникарството и одбележување на Денот на формирањето на првата противпожарна единица во нашата земја, 20 Мај е прогласен за Ден на пожарникарството во Република Македонија и традиционално се одбележува и во Делчево. Општина Делчево го цени трудот и рпфесионалноста на пожарникарите и по повод Денот на пожарникарите, Општина Делчево доделува награда за најдобар пожарникар кој во текот на минатата година покажал исклучителни резултати и залагања во службата.Заради гаснење пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди, се формираат противпожарни единици. Согласно член 5 став 3 од Законот за пожрникарството, Општина Делчево формира Територијална противпожарна единица. Единицата покрива 585 км/2 опфатени околу 13385жители во градска и 18 селски населби.Програмата претставува рамка по која ќе се движат активностите на ТППЕ за 2026 година, а со донесувањето на оваа Програма, Општина Делчево демонстрира системски и одговорен пристап кон јакнење на капацитетите на Територијалната противпожарна единица, подобрување на условите за работа на пожарникарите и зголемување на безбедноста на граѓаните. Вкупниот број вработени изнесува 17 пожарникари

ТППЕ Делчево иима соработка со ЈП Национални шуми Делчево, ЈКП „Брегалница“ Делчево, ЕВН Македонија, Дирекција за заштита и спасување - Делчево, Центар за управување со кризи - Делчево, МВР ОВР Делчево и Граничната и Шумската полиција, со цел спречување пожари и спречување поголеми штетни последици по граѓаните и материјалните добра во Општината.Редовно се одржуваат контакти со противпожарните единици од соседните општини за поголема соработка на сите нивоа од противпожарната заштита.Административно – техничките работи и книговодствените евиденции на противпожарната единица се преземаат и извршуваат од страна на општинската администрација, согласно со закон.

Единицата располага со:

- 1 автоцистерна ФАП 14 со носивост од 7.000 l вода,
- 1 теренско возило Лада Нива и 4 ПП возила (Форд, Сканија, Ивеко Магирус и ТАМ-80),
- Автоцистерната ФАП-13 е дадена на користење на ЈКП„Брегалница“, но и со можност ТППЕ да го користи во случај на поголеми пожари за дотур на вода.
-ТППЕ располага со 3 пумпи за испумпување вода во случај на поплави.

Техничкото опремување на единицата го врши Општина Делчево согласно со законските прописи и правилниците, а во рамките на своите можности.Истотака, средствата за одржувањето на возилата и опремата паѓаат на товар на Општина Делчево. Тој ги истакна и надлежностите на ТППЕ и тоа:

- Гаснење на пожари на подрачјето на општина Делчево;
– Отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар;
– Спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
– Укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
– Извршување на други работи при несреќи и непогоди и други кои се наведени во самата Програма.

На крајоот од своето образложение комадирот ги истакна предвидените активности на ТППЕ во 2026, редовните тактичко-показини вежби кои се изведуваат секоја година, техничката опременост на ТППЕ и начинот на финансирање.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“, воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Програма.

Дваесет и втора точка- Оперативен план за делување на ТППЕ Делчево во периодот од 01.01.2026 до 31.12.2026 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач и по оваа точка беше Сашко Поповски командир на ТППЕ Делчево кој на советниците им го образложи овој План.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Програма.

Дваесет и трета точка-Предлог-Одлука за парична помош на Ванчо Георгиевски;

Образлагач по оваа точка Николчо Стојменовски, претседател на Советот на Општина Делчево кој истакна дека Се одобрува парична помош во износ од 20.000 денари на Ванчо Георгиевски од с. Очипала. Средствата ќе бидат наменети за набавка на апарат за овозможување на полесно дишење (респиратор) на неговата сопруга.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Дваесет и четврта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.

Игор Гошевски постави прашање до Градоначалникот во врска со активностите на мостот на р. Габровчица и праша дали некој ќе сноси одговорност за неквалитетно изведените работи па мора сега да се асфалтира повторно.

Градоначалникот на Општина Делчево изрази благодарност до советникот за ова прашање и истакна дека завршите активности на мостот на р. Габровчица околу проширувањето и асфалтирањето биле изведеувани во месец декември 2025 година. Лично и самиот тој не бил задоволен од тоа како се изведени работите и од тие причини не ја потпишал завршната ситуација и на негово инсистирање и барање на таа локација повторно се извршуваат активности за асфалтирање. Овој пат работите се изведени како што треба на трошок на фирмата која е изведувач на работите.

Иста е ситуацијата и со изведувањето на регулација на р. Габровчица, но таму се работи за средства од Владата на РСМ, рече тој.

Градоначалникот ги информираше членовите на Советот дека на наредна седница ќе треба повторно да се разгледа и донесе одлуката за покачување на тарифата за вода и отпадни води бидејќи стигнал допис од Регулаторната комисија со која се бара да се изврши усогласување на цените, односно зголемување за 15%. Бидејќи тоа ќе биде поголемо пиокачување, потребно е да се донесе одлука за покачување до 5%, рече тој.

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 9.седница на Советот на општина Делчево, заврши со работа 13:06 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски